РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-158/3
22.03.2019 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 23 седница одржана на 14.03.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Modeling and simulation of plastic deformation technologies and processes" втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **„Modeling and simulation of plastic deformation technologies and processes" втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по машинство - Моделирање и симулација на процеси и технологии за пластична деформација**
Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: Машинство
Научно – истражувачко област: 21403.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 26-03-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Прилог: | Орг.Един. | Број: | Вредност: |
| 08 | 642/11 | | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Машински факултет Скопје, за усвојување на втор циклус студиските програми „Modeling and simulation of plastic deformation technologies and processes“, на 21.02.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 22 седница, одржана на 21.02.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 23 седница одржана на 14.03.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски